# ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ
**10 - 26 март**

**31 март**

## I. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

- Претседателските избори ќе се одржат на 13 април, со можност за одржување на втор круг на избори на 27 април. После несогласувањето помеѓу двете партии во владејачката коалиција околу прашањето за номинирање на консензуален претседателски кандидат, Парламентот се распушти на 5 март, а предвремените парламентарни избори беа закажани за 27 април.

- Измените на Изборниот законик од јануари претставуваат напор да се одговори на најголем дел од препораките на ОБСЕ/ОДИХР. Сепак, голем број на прашања кои се предмет на загриженост остануваат неодговорени, вклучувајќи го и прашањето на нееднаквост на гласовите од гласањето во земјата и во странство, нееднаквост на мандатите на парламентарните избори во странство, и условот за обезбедување на најмалку 40% излезност во вториот круг на претседателските избори.

- Изборната администрација на три нивоа, предводена од Државната изборна комисија (ДИК), до моментот генерално ги има запазено сите законски рокови. Седниците на ДИК на кои присуствуваше МНИ на ОБСЕ/ОДИХР, беа спроведени на професионален начин, а записниците од секоја седница беа објавени на веб страната на ДИК. На неколку наврати, членовите гласаа по партиска линија, што резултираше со тензии.

- Четворица кандидати ќе бидат во трка за претседателските избори. Крајниот рок за поднесување на кандидатските листи за предвремените парламентарни избори е 29 март.

- Кампањата за претседателските избори официјално започна на 24 март, а кампањата за предвремените парламентарни избори започнува на 5 април. Кандидатите за избор на претседател на Републиката започнаа да ги промовираат своите кандидатури во текот на нивните посети низ земјата пред започнување на овој датум. ДИК разгледа два приговори доставени од страна на Социјал- демократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) во кои имаше наводи за предвремено започнување на изборната кампања. ДИК го прифати првиот приговор, а вториот го отфрли.

- Почетокот на кампањата беше обележан со реторика на етничка поделеност. Премиерот ги повика етничките Македонци да му осигураат чисто мнозинство на ВМРО-ДПМНЕ од 62 мандати со цел да се избегне притисокот од страна на Демократската унија за интеграција (ДУИ), додека пак лидерот на ДУИ ги повика етничките Албанци да ѝ помогнат на партијата да обезбеди 25 мандати со цел да може да има поголемо влијание во владата.

- Согласно Изборниот законик радиодифузерите се обврзани да ја покриваат кампањата на правичен, избалансиран и непристрасен начин. Сите кандидати за претседател на Републиката имаат право на медиумско претставување согласно принципот на еднаквост, додека пак кандидатите во парламентарната изборна трка се покриени согласно принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за

пратеници. Новите одредби од законикот предвидуваат детални барања за јавниот радиодифузен сервис, односно за Македонската радио и телевизија, за обезбедување на покривање на изборите во текот на изборната кампања.

- Измените на законската рамка со која се регулира финансирањето на политичките партии и на изборната кампања се донесоа во јануари 2014 год., со цел да се одговори на поголем дел од прашањата кои беа нотирани во текот на претходните избори, вклучувајќи го и прашањето на дозволена висина на донациите.

## II. ВОВЕД

На покана на Министерството за надворешни работи, Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОБСЕ/ОДИХР) на 10 март ја воспостави набљудувачката мисија за изборите (НМИ). НМИ на ОБСЕ/ОДИХР е предводена од амбасадорот Герт-Хинрих Аренс и се состои од главен тим од 11 експерти со седиште во Скопје и 20 долгорочни набљудувачи распоредени низ целата земја. Членовите на НМИ доаѓаат од 17 земји учеснички на ОБСЕ. Од земјите учеснички беше побарано да назначат 300 краткорочни набљудувачи да го набљудуваат гласањето пред денот на изборите, гласањето, броењето и сумирањето на резултатите од предвремените парламентарни избори и можниот втор круг од претседателските избори на 27 април. Како резултат на недоволниот број на назначени краткорочни набљудувачи, ОБСЕ/ОДИХР не е во можност да го спроведе предвиденото систематско и сеопфатно набљудување на изборниот процес на 13 април, денот за одржување на претседателските избори.

## III. ПОЗАДИНА И ПОЛИТИЧКИ КОНТЕКСТ

Согласно уставните и законските одредби, претседателските избори ќе се одржат на 13 април, со можност за одржување на втор круг на избори на 27 април. Парламентот се распушти на 5 март по иницијатива на Демократската унија за интеграција (ДУИ), а предвремените парламентарни избори се закажаа за 27 април. И покрај тоа што партиите од опозицијата ја поддржа иницијативата за одржување на предвремени избори, оваа одлука ја окарактеризираа како изговор на партиите од власта да свикаат избори во момент кога испитувањата на јавното мислење покажуваат дека изборите ќе бидат во нивна корист за да обезбедат уште еден четиригодишен мандат.

Кандидатот за претседател Ѓорге Иванов, поддржан од владејачката Внатрешна македонска револуционерна организација - Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), се кандидира за втор мандат. Во овие избори, негови противкандидати ќе бидат Стево Пендаровски, поддржан од опозицискиот Социјал-демократски сојуз на Македонија (СДСМ); Иљаз Халими, единствениот кандидат кој по етничка припадност е Албанец, поддржан од Демократската партија на Албанците (ДПА); и Зоран Поповски, поддржан од неодамна формираната Граѓанска опција за Македонија (ГРОМ). Сите најголеми политички партии најавија дека ќе учествуваат во предвремените параламентарни избори.

Партијата ДУИ првично најави дека ќе ги бојкотира претседателските избори како и повикот за предвремени парламентарни избори изјавувајќи дека нејзиниот коалициски партнер ВМРО-ДПМНЕ го игнорирал нејзиниот повик да се номинира консензуален кандидат кој заеднички би ги претставувал заедниците на етничките Македонци и етничките Албанци. Лидерот на партијата Али Ахмети последователно изјави дека неговата партија ја охрабрува заедницата на Албанците да се воздржи од гласањето со цел да се оневозможи исполнување на условот за 40% излезност во вториот круг и на тој начин да се предизвика неуспех на претседателските избори.

## IV. ПРАВНА РАМКА И ИЗБОРЕН СИСТЕМ

Изборите се регулирани примарно преку Уставот и Изборниот законик. Последните измени на Изборниот законик се донесоа на 24 јануари 2014 год.[1] и истите претставуваат напор да се одговори на најголем дел од претходните препораки на ОБСЕ/ОДИХР[2]. Овие амандмани вклучуваат гаранции за раздвојување на партијата од државата; јасни регулативи за финансирање на политичките партии и изборната кампања и зајакнати барања за известување; право на политичките партии да вршат увид и да бараат измени во гласачкиот список; нов краен рок до кој судот треба да се произнесе за прекршоци поврзани со медиумското претставување, како и краен рок за доставување на таквите случаи до судската инстанца од страна на Државната изборна комисија (ДИК) и Државната комисија за спречување корупција (ДКСК).

Сепак, голем број на прашања остануваат неодговорени, а главно се однесуваат на рестриктивните регулативи со кои се дефинира и одредува времетраењето на изборната кампања; нееднаквоста на гласовите од гласањето во земјата и во странство; прагот од 50% за добивање на претседателските избори во првиот круг и барањето за излезност од најмалку 40% во вториот круг; недостиг од ревизија и санкции за недоставување на финансиските извештаи од предизборната кампања.

Претседателот се избира на општи, непосредни и слободни избори, со тајно гласање во една изборна единица според мнозинскиот модел. Едно лице не може да биде избрано за Претседател на Републиката повеќе од два мандати. За да биде избран во првиот круг, кандидатот мора да добие гласови од најмалку 50% од вкупниот број на регистрирани гласачи. Во спротивно, се одржува втор круг на избори со учество на двајцата кандидати кои имаат добиено најголем број на гласови во првиот круг. Во вториот круг победник е кандидатот со најголем број на добиени гласови, под услов да е обезбедена излезност од најмалку 40% од регистрираните гласачи. Во спротивно, целиот изборен процес се повторува.

Собранието се избира со мандат од четири години. Од вкупно 123 избрани пратеници, 120 се избираат според пропорционалниот модел во шест изборни единици. Останатите тројца пратеници се избираат според мнозинскиот модел во еден изборен круг во три изборни единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија. Според пропорционалниот изборен модел не постои минимум барање за излезност. Од друга страна, пак, кандидатите на изборите за кои се гласа во странство потребно е да обезбедат најмалку 2% од вкупниот број на пријавени гласачи во соодветните изборни единици за да може да бидат избрани. Во минатото, малиот број на гласачи кои се пријавиле и гласале во странство покренува прашања во врска со еднаквоста на гласовите од гласањето во земјата и во странство.

## V. ИЗБОРНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Изборите ги спроведува изборна администрација на три нивоа составена од Државната изборна комисија (ДИК), 80 Општински изборни комисии (ОИК), 3,480 Избирачки одбори (ИО) и 34 ИБ за гласање во дипломатско-конзуларните претставништва (ДКП).

---

1 Кодексот на Венецијанската комисија за добра пракса во однос на прашања поврзани со изборниот процес препорачува..."основните елементи на изборниот закон...не треба да се отворени за измени помалку од една година пред одржувањето на изборите". http:/www.venice.coe.int/weforms/documents/CDL-AD%282002%29023rev-e.aspx

2 Претходните извештаи на ОБСЕ/ОДИХР се достапни на http://osce.org/odihr/elections/fyrom.

ДИК е постојано тело одговорно за целокупното спроведување на изборите. Таа е составена од седум члена кои ги именува Собранието, со четиригодишен мандат. Претседателот на ДИК и два члена се именуваат од страна на опозициските партии, а потпретседателот и тројца членови од страна на владејачките партии[3]. Седниците на ДИК се отворени за акредитираните набљудувачи и медиумите.

Досега ДИК генерално ги има испочитувано законските рокови, седниците на кои присуствуваше НМИ на ОБСЕ/ОДИХР беа спроведени на професионален начин, а записниците од секоја седница беа објавувани на интернет страната на ДИК во рок од 48 часа како што е предвидено со законот. Сепак, седниците на ДИК на кои се одлучуваше по барањата на ДУИ и СДСМ за измени на избирачки список беа обележани со тензија, а гласањето се одвиваше по партиска линија (види во делот на Регистрација на гласачи).

ОИК се одговорни за спроведување на изборите во нивната општина. Тие ги именуваат и ја следат работата на ИО, кои се одговорни за спроведување на изборите на денот на изборите. ОИК и ИО се составени од претседател, четири члена и нивни заменици. Членовите на ОИК се избираат по случаен избор од вработените во државната и општинската администрација. ИО се составени од комбиниран професионално-политички модел, при што еден член е именуван од страна на владејачките политички партии, еден од опозициските партии, а три члена се бираат по случаен избор од вработените во државната, јавната и општинската администрација. На сличен начин, ИО се формираат за гласачките места отворени во ДКП во странство, со претседател кој се избира од редот на дипломатите вработени во соодветното ДКП.

Во согласност со меѓународната пракса на добро работење и претходните препораки на ОБСЕ/ОДИХР, во Изборниот законик направена е измена со која се предвидува барање претседателот на ИО да има завршено висок степен на образование, додека пак членовите да се со завршено минимум средно образование. НМИ на ОБСЕ/ОДИХР беше информирана од страна на неколку ОИК дека овој услов создава одредени потешкотии во утврдувањето на доволен број на квалификувани лица. На 5 и 26 март ДИК спроведе две обуки за ОИК од целата земја. Одредбите од Изборниот законик за правична етничка и родова застапеност во изборната администрација се испочитувани.

## VI. РЕГИСТРАЦИЈА НА ГЛАСАЧИ

Лицата со наполнети 18 години живот на денот на изборите, кои имаат свое постојано живеалиште во соодветната изборна единица, кои поседуваат важечка биометриска лична карта (лк) или патна исправа, и на кои со правосилна судска одлука не им е одземена деловната способност, се внесени во избирачкиот список за гласање во земјата. За да може да гласа во странство, лицето кое ги исполнува условите за гласање, а кое за време на изборите се наоѓа на привремена работа или престој во странство мора да достави пријава за гласање во ДКП. И покрај тоа што Уставот не предвидува лицето задолжително да има постојано живеалиште во земјата за да може да гласа, според Изборниот законик само лицата кои имаат постојано живеалиште во земјата може да бидат внесени во Избирачкиот список.

Според Изборниот законик, ДИК е одговорна за Избирачкиот список врз основа на информациите кои ги добива од Министерството за внатрешни работи (МВР), кое води евиденција за државјанство, постојано живеалиште и издава биометриска лична карта и патна исправа. Понатаму, Министерството за правда (МП) доставува информации до ДИК за лицата кои во меѓувреме починале.

---

3 Претседателот на ДИК беше избран на 21 ноември 2013 год. Поранешниот претседател си поднесе оставка на 18 октомври 2013 год., заради лични причини.

Измените на Изборниот законик им овозможуваат на политичките партии да направат увид во податоците на Избирачкиот список врз основа на примероците обезбедени од ДИК. Врз основа на оваа одредба, два приговори беа доставени до ДИК, еден од ДУИ и еден од СДСМ, со кои се бара да се направат измени на 453, односно 14,492 имиња[4]. ДИК првично побара од МВР да одговори на овие барања. Сепак, во својот одговор МВР наведе дека ги има обезбедено сите информации предвидени со законот и дека сега одговорноста е кај ДИК. ДИК последователно ги отфрли овие барања гласајќи по партиска линија[5]. СДСМ и ДУИ поднесоа тужба до Управниот суд, кој ги одби приговорите врз основа на документите поднесени од МВР. МВР не поведе никаква независна истрага во врска со ова прашање.

Крајните рокови за заклучување на Избирачкиот список се различни за претседателските и парламентарните избори. Ова ќе доведе до создавање на два различни избирачки списоци. Според ДИК, 1,779,572 граѓани се регистрирани да гласаат за претседателските избори, од кои 8,332 се гласачи на привремена работа или престој во странство кои се пријавиле да гласаат во странство. Во текот на јавниот увид, околу 74,400 лица извршиле проверка на податоците во избирачкиот список за претседателските избори во подрачните канцеларии на ДИК, односно околу 115,400 лица извршиле проверка на своите податоци по електронски пат. Избирачкиот список за предвремените парламентарни избори ќе биде финализиран на 9 април.

## VII. РЕГИСТРАЦИЈА НА КАНДИДАТИ

Секое лице со право на глас, со наполнети најмалку 40 години живот и кое живеело во земјата најмалку 10 од последните 15 години има право да се кандидира за претседател на Републиката. Кандидатурата за претседател треба да биде поддржана од 10,000 гласачи или 30 пратеници во Собранието. Потписите во постапката за кандидирање потребно е да се достават до претставниците на ДИК во една од нејзините 34 подрачни канцеларии. ДИК одлучи да отвори подрачна канцеларија во секоја од 80 општини со цел да го забрза процесот. Двајца кандидати кои не успеаја да го соберат потребниот број на потписи наведоа дека обврската за доставување потписи пред државен службеник била заплашувачка и дека бројот на потребните потписи бил превисок. Ниеден од кандидатите нема поднесено официјален приговор[6].

Во изборната трка за парламентарните избори може да се кандидираат лица предложени од политички партии, коалиции на политички партии или независни кандидати предложени од група на гласачи. Кандидатурите може да се доставаат до ДИК заклучно со 29 март. Секој граѓанин со право на глас може да се кандидира за парламентарните избори. Гласачите кои со правосилна судска одлука се осудени на издржување на казна затвор од најмалку шест месеци немаат право да се кандидираат. Во напор да го охрабри учеството на жените, Изборниот законик предвидува најмалку еден од тројца последователни кандидати на листата да биде припадник на помалку застапениот пол.

## VIII. ИЗБОРНА КАМПАЊА

Кампањата за претседателските избори официјално започна на 24 март, додека кампањата за предвремените парламентарни избори започнува на 5 април. Кандидатите започнаа да

---

4 ДУИ побара да се избришат 453 лица, сите пријавени да гласаат во Амбасадата во Тирана. За СДСМ беа спорни 14,492 имиња, вклучително и групи на граѓани, кои се регистрирани на иста адреса, 991 умрени лица, како и оние кои наводно ја промениле адресата на живеење или ја напуштиле земјата.

5 За време на седницата на ДИК која се одржа на 20, односно 21 март, тројца членови на ВМРО-ДПМНЕ гласаа против два приговори, додека членот именуван од ДПА беше воздржан.

6 Имено, овие лица се Стојанче Ангелов, Претседател на Достоинство и Биљана Ванковска, независен кандидат.

остваруваат средби со граѓаните во текот на нивните посети низ земјата пред започнување на овој датум[7]. Во средината на март, Претседателот Иванов посети 70 села и градови. На 23 март ја презентираше својата изборна програма. На 16 март, г. Пендаровски одржа собир во Прилеп на кој присуствуваа околу 50 лица. На 21 март, ДПА одржа митинг во Гостивар на кој присуствуваа околу 350 лица, за да го промовира г. Халими и да ги повика етничките Албанци да гласаат за него. Понатаму, и претседателот и премиерот, чија кампања за парламентарните избори официјално нема да започне пред 5 април, јавно го презентираа својот Отчет за постигнатите резултати на ВМРО-ДПМНЕ. На 22 март ДУИ, исто така, го презентираше својот Отчет за постигнати резултати од 2011 год. до денес.

На 24 март сите четири претседателски кандидати и политичките партии кои ги поддржаа одржаа митинзи со цел да го обележат официјалното започнување на изборната кампања. ВМРО-ДПМНЕ одржа митинг во Охрид; СДСМ, ГРОМ и ДПА одржаа митинзи во Скопје, а ДУИ одржа митинг во Кичево, повикувајќи ги своите поддржувачи да не гласаат со објаснување дека на земјата ѝ треба консензуален кандидат за претседател кој ќе биде прифатлив за сите граѓани.

Фокусот на изборната кампања се очекува да се стави на економијата, вработувањето, образованието и социјалните реформи. Уште едно клучно прашање се изгледите за интреграција на земјата во евро-атлантските структури, што претставува клучна цел на сите кандидати за претседател и на лидерите на најголемите политички партии. Почетокот на кампањата веќе беше обележан преку реториката на етничка поделеност на премиерот Груевски кој ги повика етничките Македонци да му осигураат чисто мнозинство на ВМРО-ДПМНЕ од 62 мандати со цел да се избегне притисокот од страна на ДУИ, а г. Ахмети ги повика етничките Албанци да ѝ помогнат на неговата партија да обезбеди 25 места со цел истата да може да има поголемо влијание во владата.

Некои од лидерите на партии ја информираа НМИ на ОБСЕ/ОДИХР дека заплашувањата и притисоците од страна на државните власти се очекува да бидат проблем во изборната кампања. Дури и пред официјалното започнување на изборната кампања за предвремените парламентарни избори, двете најголеми партии од етничкиот македонски блок (ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ), односно двете најголеми партии од етничкиот албански блок (ДУИ и ДПА) меѓусебно разменуваат наводи на корупција и лични препукувања.

## IX. ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

Во јануари 2014 год. се донесоа измените на правната рамка со која се регулира финансирањето на политичките партии и на изборната кампања, со цел да се одговори на одреден број на прашања кои беа нотирани во текот на претходните избори[8]. Кандидатите се обврзуваат да отворат единствен даночен број и посебна трансакциска сметка во банка. Секоја финансиска трансакција поврзана со финансирањето на изборната кампања мора да помине низ трансакциската сметка. Секој од кандидатите на изборите може да потроши најмногу 180 МКД (приближно 3 евра во денарска противредност) по регистриран гласач, односно вкупна сума во приближна вредност од 5 милиони евра. Надоместокот на трошоците за избори на учесниците во изборната кампања ќе им се исплати од државниот буџет во вредност од 15 МКД (приближно

[7] Периодот на изборната кампања започна 20 дена пред денот на одржување на изборите. Со оглед на тоа што кампањата за парламентарните избори се совпаѓа со периодот на изборниот молк за претседателските избори, ДИК едногласно одлучи да започне со кампањата за парламентарните избори два дена порано, со дводневен прекин во текот на изборниот молк за претседателските избори.

[8] Измените на Законот за финансирање на политичките партии се донесоа на 24 јануари 2014 год.

0.25 евра) за секој добиен глас, под услов да имаат добиено најмалку 1.5% од вкупниот број на гласови од излезените граѓани.

Како одговор на препораките на ОБСЕ/ОДИХР, со неодамнешните измени на Законот за финансирање на политички партии се воведоа нови ограничувања за донации. На легитимните приватни лица дозволено им е да донираат до 5,000 евра во противредност на националната валута, додека пак правните лица може да донираат до 50,000 евра. Донациите од анонимен извор се забрануваат, како и оние од државни, јавни, општински или странски извори, од здруженија на граѓани и верски заедници.

Учесниците во изборната кампања должни се да достават четири детални финансиски извештаи во образецот за известување кој го обезбедува Министерството за финансии (МФ), вклучувајќи и еден извештај пред одржување на денот на изборите за двата изборни процеси. Овие извештаи се доставуваат до ДИК, Државниот завод за ревизија (ДЗР) и ДКСК и мора да се објават на веб страната на овие институции. ДЗР спроведува ревизија на финалните финансиски извештаи во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на извештајот. Не се спроведува ревизија на предизборниот финансиски извештај или на санкциите за недоставување на извештај.

## X. МЕДИУМИ

Изборниот законик ги обврзува радиодифузерите да ја покриваат кампањата на правичен, избалансиран и непристрасен начин. Сите кандидати за претседател имаат право на еднакво медиумско покривање, додека пак учесниците во изборната трка за парламентарните избори медиумски се покриени пропорционално врз основа на бројот на регистрираните кандидатски листи.

Со новите одредби од Изборниот законик се обезбедува детален преглед на барањата за дневно-информативните емисии кои се емитуваат на јавниот радиодифузен сервис, Македонската радио и телевизија (МРТ), во текот на изборната кампања: една третина од дневно-информативните емисии треба да се однесува на локални и меѓународни настани; една третина на активностите на владејачките политички партии; и една третина на политичките партии од опозицијата[9]. Оние политички партии кои претходно не учествувале на парламентарни избори и кои немаат пратенички места во Собранието немаат право на какво било медиумско покривање во текот на дневно-информативните емисии[10]. МРТ е обврзана да обезбеди слободен медиумски простор за сите учесници во изборната кампања во термин од 16 до 23 часот. На 21 март, МРТ одлучи на секој кандидат за претседател да му обезбеди 15-минутно бесплатно медиумско претставување во текот на седмицата која му претходи на денот на изборите. За време на изборната кампања, приватните радиодифузери имаат право да продадат медиумски простор до 12 минути по час за платено политичко рекламирање, односно максимум 8 минути по час за секој учесник во изборната кампања.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААМУ) е главното медиумско регулаторно тело одговорно за следење на изборното медиумско претставување и за покренување на прекршочна постапка во случај на утврдени прекршувања на одредбите. На 21 март, АААМУ усвои "Специфичности на методологијата за следење на Изборниот процес 2014 год.". Овој документ не е правно обврзувачки, но дава појаснување за законските побарувања за

---

9 Времето одвоено за владејачките партии и партиите од опозицијата се одредува според резултатите добиени на претходните избори.

10 Одреден број на соговорници од МРТ ги опишаа овие одредби како преамбициозни, посебно во контекст на преклопувањето на двете изборни кампањи. Доколку МРТ би потфрлила во следењето на овие барања, тоа би можело да резултира со разрешување на Генералниот директор на МРТ.

медиумското покривање на изборните кампањи, вклучувајќи го и периодот во кој има преклопување на кампањите за претседателските и парламентарните избори. АААМУ покрена две прекршочни постапки против МРТ-2 и ТВ Сител за необјавување на законски предвидените информации во случај кога се објавуваат резултатите од испитувањето на јавното мислење, како и две против ТВ Боем за емитување на платено политичко рекламирање пред официјалното започнување на изборната кампања.

На 11 март, Одделението за следење на медиумите на НМИ на ОБСЕ/ОДИХР започна со квалитативно и квантитативно следење на медиумите на осум телевизиски канали и четири дневни печатени медиуми, за време на кампањата за претседателските и за парламентарните избори, како и во периодот пред официјалното започнување на изборната кампања[11].

## XI. ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ

Рамката за приговори и жалби за двата изборни процеси предвидува заштита на избирачкото право во текот на секоја етапа од изборниот процес. Приговорите може да ги доставуваат кандидатите, или подносителите на листите на кандидати, како и гласачите во ограничен број на случаи. Приговорите може да ги разгледува ДИК, Основен суд, Апелационен суд и Управен суд. Во однос на доставувањето и одлучувањето по различните видови на приговори утврдени се различни временски рокови кои варираат од 24 часа до 7 дена. ДИК не може да изрече казни, но може да ги проследи случаите до надлежениот суд за започнување на судска постапка. Не е пропишан краен рок во кој судот треба да се произнесе за таквите случаи.

На 25 март ДИК разгледа два приговори доставени од СДСМ со наводи за предвремено започнување на изборната кампања. ДИК го прифати првиот приговор во кој СДСМ наведува дека на 14 март Претседателот Иванов бил вклучен во предвремена изборна кампања[12]. Вториот приговор со наводите за предвремена изборна кампања на ВМРО-ДПМНЕ преку одржување на јавен собир на 16 март на кој се промовирале постигнувањата на владата беше одбиен со објаснување дека листите на кандидати за предвремените парламентарни избори сé уште не се потврдени.

## XII. ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАБЉУДУВАЧИ

Изборниот законик предвидува набљудување на изборите од страна на домашни и меѓународни набљудувачи. Домашните здруженија се обврзани да бидат регистрирани најмалку една година пред денот на одржувањето на изборите, а начелото на заштита на човековите права треба да е вклучено во нивните статути. Домашните здруженија МОСТ и ЦИВИЛ планираат да распоредат свои набљудувачи за изборите. Дополнително, секој подносител на листа на кандидати има право да именува овластен претставник и негов заменик кој ќе ја следи работата на изборната администрација, вклучително и на денот на изборите.

## XIII. АКТИВНОСТИ НА МИСИЈАТА

НМИ на ОБСЕ/ОДИХР започна со работа на 10 март. Шефот на Мисијата оствари средби со Претседателот, Премиерот, ДИК и со други високи претставници од власта, со четворицата претседателски кандидати, политички партии и дипломатски претставници. НМИ, исто така, воспостави контакти и со претставниците на медиумите, граѓанскиот сектор и останатите

---

11 ТВ: МРТ-1, МРТ-2, Сител, Канал 5, Алсат-М, Телма, Алфа и Вести 24. Дневен печат: Дневник, Нова Македонија, Слободен Печат и Коха.

12 Во членот 69а од Изборниот законик изборната кампања е дефинирана како активност за промовирање на регистрираните кандидати во текот на официјалниот период на изборната кампања.

чинители вклучени во изборниот процес. Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПССЕ) планира да распореди свои делегации на набљудувачи за двата избори, додека пак Парламентарното собрание на ОБСЕ ќе распореди своја делегација да ги набљудува парламентарните избори на 27 април.

*Англиската верзија на овој извештај е единствениот официјален документ.*
*Обезбеден е и неофицијален превод на македонски и албански.*